


Верзија 1.0.0

Април, 2009

**СОДРЖИНА**:


**1. ВОВЕД** ..... 3

**2. ИНСТАЛАЦИЈА** ..... 4

**3. ПРВО СТАРТУВАЊЕ - РЕГИСТРАЦИЈА** ..... 5

**4. ПРЕГЛЕД** ..... 7

4.1. ГЛАВНО МЕНИ ..... 8

*4.1.1. File* ..... 8

*4.1.2. Edit* ..... 9

*4.1.3. View* ..... 9

*4.1.4. Tools* ..... 9

*4.1.5. Elements* ..... 10

*4.1.6. Help* ..... 10

4.2. ЛЕНТА СО ИКОНИ – КОПЧИЊА ..... 11

**5. РАБОТА СО АПЛИКАЦИЈАТА INFO SYSTEM** ..... 12

5.1. ОТВОРАЊЕ / ЗАТВОРАЊЕ НА ПРЕЗЕНТАЦИЈА ..... 12

5.2. НОВА ПРЕЗЕНТАЦИЈА ..... 13

*5.2.1. Својства на презентација* ..... 13

5.3. ЕЛЕМЕНТИ ..... 14

*5.3.1. Заеднички својства* ..... 14

*5.3.2. Посебни својства* ..... 15

5.4. ДОДАВАЊЕ НА ЕЛЕМЕНТИ ..... 20

*5.4.1. Додавање во блок за елементи* ..... 20

*5.4.2. Додавање елементи во презентација* ..... 21

5.5. ПРЕГЛЕД НА ПРЕЗЕНТАЦИЈАТА ВО ИЗРАБОТКА ..... 21

5.6. СНИМАЊЕ НА ПРЕЗЕНТАЦИЈА ..... 21

5.7. ИСПРАЌАЊЕ НА ПРЕЗЕНТАЦИЈА ДО INFO SYSTEM SERVER ..... 21

**6. КОНФИГУРИРАЊЕ НА INFO SYSTEM SERVER** ..... 23

# 1. Вовед

Производите или услугите не вредат многу ако информацијата за нив не стигне до крајниот потрошувач. Маркетинг одделите во многу фирми во најголем број случаи се заслужни за успешноста на некој производ. Тие користат различни облици на рекламирање кое опфаќа платени реклами во весници, списанија, телевизии, радија, билборди, спонзорства на различни спортски, културни и забавни манифестации...

Новите технологии како што се информатичката и интернетот овозможуваат нови облици на рекламирање како што се реклами на веб страници, рекламни e-mail пораки. Новите технологии овозможија и побрз начин на комуникација и поврзување внатрешно во рамките на една фирма и помеѓу различни фирми.

Сакајќи да излеземе во пресрет на потребата за достава на информации до крајниот потрошувач, а притоа користеќи ја информатичката технологија, ние го направивме софтверот Info System.

Овој софтвер служи за изработка на аудио/видео презентации и нивно прикажување на компјутерски или ТВ монитор.

Презентацијата е збир на елементи кои прикажуваат текстуални, графички, аудио и видео содржини.

Info System се состои од два дела: дизајнер (Info System) и сервер (Info System Server). Со дизајнерот се дизајнира, составува презентацијата и се испраќа на еден или повеќе сервери. InfoSystem и InfoSystem Server може да бидат инсталирани на еден ист компјутер но може да бидат и на различни компјутери во истата LAN, притоа нивниот број е неограничен.

Овој софтвер можат да го користат аеродроми, железнички и автобуски станици, училишта, факултети , трговски центри, бутици, продавници, магацини, ресторани...

Минимална конфигурација на компјутер за работа со програмот:

- компјутер Pentium IV 2000 MHz,
- оперативен систем WindowsXP со SP2,
- dotNET Framework 2.0

# 2. Инсталација

Инсталацијата на Info System е едноставна и се одвива во неколку чекори:

1. се стартува Setup.exe
2. на формата која се појавува (Слика 1) се кликнува Next
3. по желба се менува предложената патека за инсталација
4. на крај се кликнува Close (Слика 2)

Истата постапка се повторува за Info System Server, на оној компјутер кој е поврзан со компјутерскиот или ТВ мониторот




**Слика 1 Чекор 1 и 2 од инсталацијата**




**Слика 2 Чекор 3 и 4 од инсталацијата**

На работната површина се појавуваат иконите од инсталираните програми.

 - икона од програмата Info System

 - икона од панелот за конфигурација на Info System Setup

# 3. Прво стартување - регистрација

Овој софтвер е комерцијален и за да можете да го користите мора да го купите.

Со првото стартување на апликацијата се појавува форма за регистрација.

Регистрирањето на софтверот се прави на следниот начин:

1. на формата за регистрација (Слика 3), на листата со инсталирани апликации селектирајте ги оние за кои е платено,
2. кликнете на копчето Generate
3. се појавува форма (Слика 4) во која се избира локација за фолдерот каде ќе биде генерирано барање со наставка .lreq за секој производ одделно (Слика 5).
4. фолдерот добива име исто со името на компјутерот. Содржината на тој фолдер испратете ја на следната адреса: office@objectx.com.mk
5. техничкото лице задолжено за регистрација ќе Ви одговори на пораката и ќе Ви прати лиценци со наставка на фајловите .lres
6. на формата за регистрација кликнете на копчето Import
7. се појавува Open dialog прозорец во кој ги лоцирате добиените лиценцни фајлови, ги селектирате и кликнувате Open. Со тоа сте направиле регистрација на апликациите (Слика 6).




**Слика 3 Форма за регистрација**




**Слика 4 Фолдер во кој ќе бидат генерирани барања**




**Слика 5 Барања за регистрација**




**Слика 6 Апликациите се регистрирани**

# 4. Преглед

Графичкиот интерфејс на апликацијата (Слика 7) е прегледен и поделен на неколку логични целини (на сликата означени со бројки од 1 до 3):

1. главно мени и лента со икони - копчиња
2. работна површина
3. блок за елементи и блок за својства на елементите

Интересно за графичкиот интерфејс е тоа што корисникот може да го менува. Блоковите за елементи и својства (Слика 8) можат да се разместат со едноставно влечење и спуштање врз контролните полиња (обележени со црвено) кои ќе им ја одредат новата позиција.




**Слика 7 Графички интерфејс на Info System**




**Слика 8 Промена на графичкиот интерфејс на апликацијата**

## 4.1. Главно мени

Во ова поглавје ќе ги опишеме сите наредби во главното мени:

### 4.1.1. File

Менито File (Слика 9) содржи команди и дијалози за менаџирање со презентациите кои се изработуваат со Info System:




**Слика 9 Мени File**

- New presentation… - креира нова презентација
- Open presentation… - отвора постоечка презентација
- Close – затвора отворена презентација која е во фокус
- Close All – се затвораат сите отворени презентации
- Save – ја снима отворена презентација која е во фокус, со истото име

- Save As… - ја снима отворената презентација со име кое го внесува корисникот
- Save All – ги снима сите отворени презентации
- Recent projects – листа од скорешно отворени презентации
- Exit – излез од апликацијата

### 4.1.2. Edit

Менито Edit (Слика 10) содржи команди кои се однесуваат на елементите и се користат при уредувањето на презентацијата.

- Undo – ја отповикува последната акција која ја направил корисникот
- Redo – повторно ја извршува отповиканата акција
- Cut – отсекува елемент од презентацијата и притоа го чува во clipboard, за потоа да може да биде залепен на друго место
- Copy – копира елемент од презентацијата и притоа го чува во clipboard, за потоа да може да биде залепен на друго место
- Paste – залепува она што било чувано во clipboard
- Delete – бриши елемент од презентацијата




**Слика 10 Мени Edit**

### 4.1.3. View

Ова мени (Слика 11) има функција да вклучи/исклучи приказ на некој од блоковите

- Property Grid Pad – вклучува/исклучува приказ на блокот за својства на елементите од презентацијата
- Elements Pad - вклучува/исклучува приказ на блокот за елементи




**Слика 11 Мени View**

### 4.1.4. Tools

Во менито Tools (Слика 12) се сместени алатки кои служат за:

- Preview – преглед на презентацијата на работниот монитор
- Send to server… - испрати до сервер, односно до компјутер на кој е поврзан мониторот или TV приемникот на кој се одигрува готова презентација

- Language – промена на јазикот на кој се прикажани менијата во апликацијата




**Слика 12 Мени Tools**

### 4.1.5. Elements

Во менито Elements (Слика 13) се прикажани елементите кои се користат при изработка на презентација. На располагање се следниве елементи:

- Time – часовник кој го прикажува системското време на компјутерот на кој се „врти"презентацијата. Може да биде дигитален и аналоген. Има големи можности за прилагодување на изгледот
- Text – прикажува текст кој може да се движи во 4 насоки со ефекти
- Image – прикажува статична слика или gif анимација. Поддржани се многу формати
- Video – прикажува видео фајлови кои можат да се „вртат" без прекин
- Web Page – во одредена рамка или преку цела презентација прикажува веб страна
- Slide Show – колекција од слики кои се прикажуваат следствено една по друга како слајдови со транзициски ефекти.
- Sequence – секвенца е колекција од елементи кои се одигруваат еден по друг во иста рамка секој со одредено времетраење и својства
- RSS Feed – во одредена рамка или преку цела презентација прикажува RSS Feed




**Слика 13 Мени Elements**

### 4.1.6. Help

Менито Help (Слика 14) прикажува информации за апликацијата и тоа:

- About us… - информации за производителот на софтверот
- Manual – упатство за апликацијата во pdf формат
- Licenses… - форма од која се врши регистрација на инсталираните модули

- New version… - информација и линк за симнување на нова верзија од апликацијата




**Слика 14 Мени Help**

## 4.2. Лента со икони – копчиња

Веднаш под главното мени сместена е лента со икони – копчиња (Слика 15) со одредена функција:

 - Zoom - го менува приказот на работната површина од 10% до 250%

 - Open – исто како File > Open, отвори презентација

 - Save – исто како File > Save, сними презентација

 - Save As – исто како File > Save As, сними презентација под друго име

 - Cut – исто како Edit > Cut, отсечи елемент

 - Copy – исто како Edit > Copy, копирај елемент

 - Paste – исто како Edit > Paste, залепи елемент

 - Undo - исто како Edit > Undo, отповикај последна акција

 - Redo - исто како Edit > Redo, повторно изврши ја отповиканата акција



**Слика 15 Лента со икони - копчиња**

# 5. Работа со апликацијата Info System

За работа со апликацијата Info System не е потребно програмерско знаење. Нејзиното користење е едноставно и интуитивно. Секој кој има искуство со апликации од типот на Microsoft Office ќе се чувствува „како на свој терен" користејќи ја оваа апликација.

## 5.1. Отворање / затворање на презентација

Со апликацијата може да се отворат повеќе презентации паралелно. Секоја од нив на работната површина е прикажана во посебен таб во кој стои насловот на презентацијата. Со инсталација на апликацијата доаѓаат примери на презентации. За пример ќе отвориме една од нив.

1. Се отвора главно мени File > Open presentation. Се појавува дијалог за отворање на постоечка презентација
2. Во фолдерот Info System Projects се сместени фолдерите во кои се сместени проектите на презентациите изработени со Info System. Се отвора фолдерот од презентацијата која треба да се отвори (на пример Template 3)
3. Се селектира фајлот со наставка ispg (на пример Template 3.ispg)
4. Се кликнува на копчето Open

На работната површина се прикажува презентацијата, а во блокот за елементи покрај постоечките се прикажуваат и елементите употребени во оваа презентација (Слика 16).




**Слика 16 Изглед на апликацијата со отворена презентација**

Затворање на презентацијата која е во фокус се прави со одбирање на File > Close или со кликнување на знакот x во лентата на отворени презентации.

Затворање на сите отворени презентации се прави со одбирање на File > Close All.

## 5.2. Нова презентација

Креирање на нова презентација се прави со кликнување на командата во главно мени File > New Presentation.

Се отвора дијалог прозор во кој се внесува име на презентацијата и е предложена патека за фолдерот во кој ќе биде снимена таа. Патеката може да се промени по желба на корисникот. Постои и квадратче за штиклирање што значи за проектот да биде креиран фолдер со истото име.

Се кликнува на копчето ОК при што се отвора работната површина која во овој момент е црна.




**Слика 17 Нова презентација**

### 5.2.1. Својства на презентација

Презентацијата има одредени својства кои можат да се менуваат во блокот Properties. Кога се кликни било каде на работната површина (на место каде нема елемент) во блокот Properties се прикажуваат нејзините својства (Слика 18).




**Слика 18 Својства на презентација**

- **Appearance** – изглед
  - Background Color 1 – боја 1 на позадина на презентација
  - Background Color 2 – боја 2 на позадина на презентација

  - Background Color Gradient – мешање на бои од едната кон другата во одредена насока (Horizontal, Vertical, Backward Diagonal, Forward Diagonal). Доколку вредноста на ова својство е None, тогаш за боја на позадина се зема Background Color 1.
- **Behavior** – однесување
  - End Time – време на завршување на презентацијата (датум, час), потребно за Info System Server да има информација до кога да ја „врти"
  - Start Time – време на започнување на презентацијата (датум, час), потребно за Info System Server да има информација кога да ја пушти таа презентација.
- **General** – информации за презентацијата
  - Description – опис на презентацијата. Служи за полесно снаоѓање на дизајнерите на презентации
  - Name – име на презентацијата (на пример: objectX_presentation)
- **Layout** – распоред
  - Size (Width, Height) – димензии (ширина, висина) на презентацијата изразени во пиксели
  - Zoom – го прикажува моменталното ниво на зумирање во проценти

## 5.3. Елементи

Елементи кои можат да се користат во презентацијата се опишани во наслов 4.1.5 Elements. Во овој наслов ќе ги опишеме нивните заеднички и посебни својства.

### 5.3.1. Заеднички својства

На Слика 19 се прикажани заедничките својства на елементите

- **Appearance** – изглед
  - Background Color 1 – боја 1 на позадина на елементот
  - Background Color 2 – боја 2 на позадина на елементот
  - Background Color Gradient – мешање на бои од едната кон другата во одредена насока (Horizontal, Vertical, Backward Diagonal, Forward Diagonal). Доколку вредноста на ова својство е None, тогаш за боја на позадина се зема Background Color 1
  - Background Image Path – секој елемент може да има слика на позадина. Овде се внесува патека до сликата за позадина
  - Border Color 1 – боја 1 на работ на правоаголникот во кој е сместен елементот
  - Border Color 2 – боја 1 на работ на правоаголникот во кој е сместен елементот

- Border Color Gradient - мешање на бои од едната кон другата во одредена насока (Horizontal, Vertical, Backward Diagonal, Forward Diagonal). Доколку вредноста на ова својство е None, тогаш за боја на позадина се зема Background Color 1
- Border Width – ширина на работ
- Curvature – радиус на кривина на заоблени агли од правоаголникот
- Round Corners – заоблени агли (True/False)

- **General** – информации за елементот
  - Description – опис на елементот. Служи за полесно снаоѓање на дизајнерите на презентации
  - Name – име на елементот. Ако не е наведено од дизајнерот тогаш елементите добиваат генерички имиња (на пример: Image 1,2…, Slide Show 1,2… RSS Feed 1,2…)
  - Type – тип на елементот, онака како што е прикажан во главно мени File > Elements
- **Layout** – распоред
  - Position – позиција на елементот (во пиксели). Тоа е всушност оддалеченост на првата горна лева точка на елементот од првата горна лева точка од презентацијата
  - Size (Width, Height) – димензии (ширина, висина) на елементот изразени во пиксели




**Слика 19 Заеднички својства на елементите**

### 5.3.2. Посебни својства

Секој од елементите има посебни својства од кои зависи нивната функција во презентацијата. Овде ќе ги опишеме само посебните својства на секој елемент. Заедничките се објаснети во наслов 5.3.1. Заеднички својства.

#### 5.3.2.1. Time

- **Appearance** – изглед
  - o Analog Clock – посебни својства кога типот на часовникот е аналоген. Тука се: 2 бои на позадина и градиент меѓу нив, слика и сенка на позадина, боја и сенка на секоја стрелка на часовникот посебно,
  - o Clock Type – тип на часовникот (Analog / Digital)
  - o Font – сите својства што ги има фонт (име, големина, единица за големина, болд, италик...)
  - o Fore Color – боја на прикажаниот текст
- **Behavior** – однесување
  - o Show Date – прикажи датум (True/False). Во функција е само кога е одбран тип на часовник Digital
  - o Show Time – прикажи време (True/False). Во функција е само кога е одбран тип на часовник Digital






**Слика 20 Аналоген или дигитален приказ на времето**

#### 5.3.2.2. Text

- **Appearance** – изглед
  - o Effects – исклучува или вклучува типови на транзициски ефекти со кои се прикажува текстот (Scroll, Bounce, Slide)
  - o Effect Direction – насока на транзицискиот ефект, односно насока во која ќе се движи текстот (лево, десно, горе, долу)
  - o Effect Duration – времетраење на ефектот
  - o Speed – брзина со која се извршува транзицискиот ефект на елементот
  - o Text – се отвора текст едитор во кој се внесува текстот што треба да се прикажи
- **Behavior** – однесување
  - o Show Date – прикажи датум (True/False). Во функција е само кога е одбран тип на часовник Digital
  - o Show Time – прикажи време (True/False). Во функција е само кога е одбран тип на часовник Digital




**Слика 21 Форма за конфигурирање на Text елемент**

### 5.3.2.3. Image

- **Appearance** – изглед
    - Image Path – патека до фајлот од сликата
- **Behavior** – однесување
    - Transition – голема колекција од типови на транзиција (начин на кој сликата ќе се појави во презентацијата). Напомена: gif анимации не е можно да се одигруваат кога е употребена некоја транзиција.
    - Transition Duration – времетраење на транзиција во секунди. Во функција е само кога е вклучена некаква транзиција.




**Слика 22 Конфигурација на Image елементот**

#### 5.3.2.4. Video

- **Behavior** – однесување
  - Start Time – време на почеток, односно од која секунда од должината на видеото да почни неговото одигрување (предефинирано е 0)
  - End Time – време на завршување, односно до која секунда од должината на видеото да заврши неговото одигрување (предефинирано е крајот на видео фајлот)
  - Loop – вклучува / исклучува непрекинато прикажување на видеото од почеток до крај
  - Mute – вклучува / исклучува звукот од видеото
  - Video Path – патека до фајлот од видеото

#### 5.3.2.5. Web Page

- **Behavior** – однесување
  - Refresh Period – период на освежување на страницата, во минути
  - Scroll Duration – времетраење на едно целосно скролирање на страницата
  - Scroll Type – типови на скролирање. (скролирање - лизгање на страницата од едниот до другиот нејзин крај во границите на правоаголникот во кој е прикажана)
  - URL – адреса на веб страната

#### 5.3.2.6. Slide Show

- **Appearance** – изглед
  - Image Paths – патеки до фајловите од сликите. Се отвора форма во која се додаваат слики - поединечно или фолдер чии слики ќе бидат дел од слајд шоуто - групно
- **Behavior** – однесување
  - Loop – вклучува / исклучува непрекинато прикажување на слајд шоуто од почеток до крај
  - Random Transition – вклучува / исклучува транзиција по случаен избор
  - Transition – голема колекција од типови на транзиција (начин на кој ќе се менуваат слајдовите во слајд шоуто)
  - Transition Duration – времетраење на транзиција, во секунди. Во функција е само кога е вклучена некаква транзиција.




**Слика 23 Конфигурација на Slide Show елементот**

### 5.3.2.7. Sequence

- **Behavior** – однесување
  - o Elements – форма во која се додаваат елементи кои се веќе присутни во блокот за елементи (Слика 24). Значи прво треба да се додадат во блокот за елементи
  - o Loop – вклучува / исклучува непрекинато прикажување на секвенцата од почеток до крај




**Слика 24 Конфигурација на секвенца**

### 5.3.2.8. RSS Feed

- **Behavior** – однесување
  - o Change Content Period – време (во минути) на премин кон следната содржина од RSS Feed-от,

- o Reload Content Period – време (во минути) за одново вчитување на RSS Feed-от, кој во меѓувреме можеби се променил
- o Scroll Duration – времетраење (во минути) на едно лизгање на страницата од почеток до крај, во границите на правоаголната рамка во која се прикажува RSS Feed-от
- o Scroll Type – тип на лизгање (долу или десно) на страната на која е прикажана содржината на RSS Feed-от
- o URL – адреса на RSS Feed-от

## 5.4. Додавање на елементи

Додавањето на елементи во презентацијата е замислено да оди на овој начин:

- се додаваат потребните елементи во блокот за елементи
- од блокот за елементи со влечи / пушти елементите што се потребни во презентацијата се додаваат на работната површина, односно во презентацијата

### 5.4.1. Додавање во блок за елементи

- од главно мени Elements се кликнува на саканиот тип на елемент
- се појавува форма за доделување име на елементот. Предефинираното име што се појавува се состои од името на типот на елемент и реден број. Редниот број зависи од бројот на елементи од тој тип во блокот за елементи кои биле додадени со предефинирано име. На пример ако бил додаден елемент од типот Time и добил предефинирано име кое не било променето од страна на дизајнерот тој на листата во блокот за елементи се појавил со име Time 1. Следниот елемент од истиот тип ќе има предефинирано име Time 2.
- откако се кликни ОК на формата за доделување име, тој елемент се додава на списокот во блокот на елементи
- се појавува форма за конфигурација која е посебна за секој тип на елемент
- можи веднаш да се конфигурираат саканите својства за елементот, но и не мора. Тоа може да се направи подоцна кога елементот се додади во во блокот за елементи или во презентацијата
- во случај кога не се конфигурираат својствата на елементот тој на списокот се додава со некои „фабрички“ внесени својства, но Behavior својствата остануваат неконфигурирани. При секое негово додавање од блок за елементи во презентација тој ќе ги има тие својства.
- во случај кога се конфигурираат својствата на елементот при негово додавање, тогаш тој на листата во блокот за елементи ќе ги поседува тие својства и секогаш кога од таму ќе биде додаден во презентацијата ќе ги има тие својства
- својствата на елементите во блокот за елементи можат да се менуваат во секој момент. Со двоклик на елементот се појавува неговата форма за конфигурација.

### 5.4.2. Додавање елементи во презентација

- елементи во презентацијата се додаваат од блокот за елементи со акција влечи / спушти врз работната површина
- својствата на елемент кој се наоѓа во презентацијата, кога тој е селектиран се појавуваат во блокот за својства и можат да се менуваат во секој момент. Својствата можат да се променат и во формата за конфигурирање на елементот, која се појавува на двоклик на елементот од презентацијата
- ако се променат својствата на елемент кој се наоѓа во презентацијата тогаш тој елемент со тие својства постои само во таа презентација

## 5.5. Преглед на презентацијата во изработка

Додека се изработува презентацијата може да се прегледа како би изгледала во финална верзија со помош на алатката Tools > Preview.

Прозорот од презентацијата преминува во Full Screen Mode и презентацијата почнува да се одигрува.

Од овој мод се излегува со притискање на копчето Escape на тастатура, со што апликацијата се враќа во нормален режим на работа.

## 5.6. Снимање на презентација

Снимањето на презентацијата како проект во апликацијата Info System се снима со одбирање на командата File > Save или File > Save As за снимање со друго име на проектот. Формата за снимање под друго име е иста како формата за отворање на нова презентација, Слика 17.

## 5.7. Испраќање на презентација до Info System Server

Сега доаѓаме до моментот на испраќање на готова презентација до апликацијата Info System Server која, како што спомнавме може да се наоѓа на истиот компјутер, но може да се наоѓа и/или на друг компјутер во истата локална мрежа.

- во главно мени се одбира Tools > Send To Server...
- се појавува форма (Слика 25)
- се внесуваат време на почеток на одигрување на презентацијата (Start Time), време на крај на одигрувањето на презентацијата (End Time)
- на списокот на сервери се додаваат фолдерите во кои Info System Server ги „чека“ пратените презентации
- за Info System Server кој е инсталиран на истиот компјутер од кој му се „праќа“ презентацијата патеката до фолдерот може да биде апсолутна (на пр: D:\Test\oXInfoSystem\oXInfoSystemStorage\)
- Info System Server кој е инсталиран на друг компјутер во локалната мрежа, потребно е да ги „чека“ пратените презентации во фолдер кој е Shared (поделен, т.е. во него да можат да читаат и пишуваат и други корисници освен корисникот на тој компјутер). Патеката до него од дизајнерскиот компјутер ќе биде во форма \\computername\SharedFolder\ (на пр: \\w2xserver\Data\oXInfoSystemServerStorage\)

- Една иста презентација може да биде испратена истовремено на повеќе Info System Server-и. Потребно е само да се внеси патеката од Share-уваниот фолдер на соодветниот Info System Server. Со тоа презентацијата ќе биде испратена и до него




**Слика 25 Испраќање на презентацијата до сервер**

# 6. Конфигурирање на Info System Server

Апликацијата Info System Server се извршува без графички интерфејс односно во позадина, како сервис во Windows. Но, за нејзина конфигурација и стартување во позадина потребен е графички интерфејс:

- се стартува иконата Info System Server Config на Desktop.
- се појавува форма како на Слика 26
- јазикот на кој се напишани лабелите на самата форма може да се промени во истиот момент од combo box-от Language
- се селектира патеката до фолдерот во кој Info System Server ги „чека“ испратените презентации
- се селектира патеката до фолдер
- по потреба се штиклираат опциите
    - Delete outdated presentations – бриши ги презентациите со поминат рок
    - Start with Windows – стартувај кога ќе се стартува Windows
    - Change resolution – смени ја резолуцијата на мониторот на кој ќе се прикажува презентацијата
    - Се внесуваат вредности за ширина и висина во пиксели
- со притискање на копчето Start апликацијата Info System Server се стартува во позадина, мониторот на кој ќе се прикажува презентацијата почнува да работи во Full Screen Mode, прикажувајќи ја презентацијата




**Слика 26 Конфигурација и стартување на Info System Server**